Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-501/1
27.05.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-809/1 од 19.11.2025 година поднесена од -----, против -----, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на учество во изборна комисија, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа сторена од страна на ----- врз -----.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на ----- против ----- (во продолжение на текстот: -----), за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа – учество во изборна комисија.

Подносителот на претставката наведува дека е вработен како наставник скоро 15 години, при што се сомнева дека кон него е сторена дискриминација врз основа на неговата етничка припадност како бошњак и неправилно толкување на законските одредби при избор на членови на изборни комисии. Оттука, наведува дека образложението кое го добивал било дека местата во изборните комисии се резервирани само за лицата кои се припадници на заедниците кои се застапени со повеќе од 20%. На крај, подносителот истакнува дека ваквото однесување смета дека е неправилна интерпретација на изборниот законик, ограничување на неговото право на еднаков пристап до јавни функции и индиректна дискриминација врз основа на неговата етничка припадност

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 21.11.2025 година испрати Известување бр. 08-809/2 за произнесување по наводите од претставката до -----.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

На ден 5.12.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ----- како одговор на претставката заведено под арх. бр. 08-809/4.

Во произнесувањето се наведува дека согласно член 21 став 2 од Изборниот законик, ----- при изборот на членовите во општинските изборни комисии односно Изборната комисија на градот Скопје и избирачките одбори, во општините во кои живеат најмалку 20% од граѓаните припадници на другите заедници, се одразува принципот на соодветна и правична застапеност. Оттука, наведено е дека постапувајќи согласно член 35 став 2 од Изборниот законик, за начинот на примена на претходно цитираната одредба, како и во насока на уредување на начинот и постапката за именување на претседател, членови и нивни заменици на општинските изборни комисии односно Изборната комисија на Градот Скопје, ----- донела Упатство со методологија за примена на член 21 став (2), (3) и (4) од Изборниот законик за избор на претседател, членови и нивни заменици во Општинските изборни комисии и Изборната комисија на Град Скопје, бр. 08-936/1 од 19.3.2024 година. Оттука, во член 1 од наведеното упатство е уреден изборот по национална и етничка припадност според вкупното резидентно население од Пописот на населението од 2021 година и застапеност на заедници по проценти, соодветно. Во продолжение, наведуваат дека согласно член 39 став 3 од Изборниот законик во врска со член 21 став 2, ----- донела Упатство за именување на претседател, членови и нивни заменици во избирачките одбори и Методологија за случаен избор на членови на избирачките одбори.

Во оваа насока, од ----- истакнуваат дека со наведените акти, ----- во член 3 од Упатството го уредува начинот на избор на членови на избирачките одбори по национална припадност според вкупното резидентно население од Пописот на населението од 2021 година и застапеност на заедници по проценти, соодветно, при што погоре наведената методологија е акт кој содржи табеларен приказ на застапеност по заедници.

Во однос на наводите содржани во претставката, ----- смета дека истите се неосновани, со оглед на тоа дека ----- ги имплементира законските одредби кои се содржани во Изборниот законик. Оттука, за подносителот на претставката наведуваат дека се применува одредбата од членот 21 став 2 од Изборниот законик, односно истиот живее во општина во која живеат најмалку 20% од граѓаните припадници на другите заедници.

На крај, се наведува дека врз основа на донесените упатства на ----- и согласно податоците од Пописот на населението од 2021 година за Општина -----, произлегува дека Македонците се застапени со 29,19%, Албанците со 22,84%, Турците со 18,54%, Власите со 0,05%, Србите со 0,10% и Бошњаците со 15,28%, поради што изборот за Општинската изборна комисија за Општина ----- се врши на следниот начин:


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

„Во општините во кои живеат од 20% до 50% граѓани припадници на другите заедници, се одразува принципот на соодветна и правична застапеност на тие заедници, при изборот на општинските изборни комисии во соодветна општина, односно избирачките одбори во соодветното избирачко место, се избираат 2 (два) члена."

Во прилог на произнесувањето беа доставени погоре наведените Упатства со методологија за примена.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ----- врз -----, согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Имено, земајќи ги предвид наведените одредби од Изборниот законик кои се однесуваат на начинот на утврдување на составот на членовите на општинските изборни комисии, Изборна комисија за Град Скопје како и на избирачките одбори, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот случај најде дека со донесените упатства од страна на -----, кон кои се приложени и методологии за утврдување на составот, се врши операционализирање односно појаснување на начинот на кој треба да се применуваат конкретните одредби на Изборниот законик. Притоа, -----, конкретно во Општина ----- при формирање на општинската изборна комисија се водела од достапните официјални статистички податоци за бројот и составот на резидентното население во општината, согласно последниот Попис на население од 2021 година, со јасно утврден процентуален состав на население по основ на етничка припадност.

Следствено на ова, а во рамките на надлежноста на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, не можеше да се утврди дека одредени граѓани биле поповолно третирани во споредба со други граѓани припадници на турска, бошњачка или влашка етничка заедница при формирање на општинската изборна комисија во Општина -----, од причина што составот на истата го одразува самиот состав на резидентното население, а онака како што е предвидено во изборниот законик.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk